Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**Бр. 13-1797/5 од 22.03.2021 год.**
**(врска бр. 13-222 од 2018 год.)**

Врз основа член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07,91/09, 124/10, 18/11, 53 /11,144/12 ,55/13,163/13 и 42/14"), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 58 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл.гласник на Кисела Вода бр.01/2020"), и донесената програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2014 година со Одлука бр. 08-6309/7 од 17.12.2013 година, програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2015 година со бр.08-3449/10 од 02.12.2014 година , програма (ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2016 година со бр.09-9531/12 од 23.12.2015 година, програма (ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2017 година со бр.09-9108/5 од 11.11.2016 година, програма (ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2018 година со бр.09-7848/10 од 28.11.2017 година ,програма (ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со бр.09-10814/4 од 25.12.2018 година и програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година со решение бр. 08-10497/10 од 31.12.2019 година и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2021 година со решение бр. 09-9341/4 од 30.12.2020 година, Детален урбанистички план за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.10 , Општина Кисела Вода, - Предлог план,Плански период 2015-2020, Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе:

## РЕШЕНИЕ

за формирање комисија за спроведување на постапка
за јавна анкета и јавна презентација за
Детален урбанистички план за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.10 , Општина Кисела Вода, - Предлог план, Плански период 2015-2020

1. Се формира Комисија за спроведување на јавна анкета Детален урбанистички план за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.10 , Општина Кисела Вода, - Предлог план,Плански период 2015-2020.

2. Комисијата има задача да подготви и објави анкета за изложување на предлог Деталниот урбанистички план, да ја следи јавната анкета и врз основа на забелешките од граѓаните да подготви извештај со образложение за прифатени и неприфатени забелешки.

3. Комисијата се состои од 3 члена од кои еден член е претставник на изработувачот на планот, еден член – вработено лице од општинската администрација надлежно за урбанистичко планирање и еден член е стручен работник од областа на урбанистичкото планирање.

4. За членови на Комисијата се именуваат:
- Драгана Матова Смилевски, д.и.а - Претставник од БИЛД ДООЕЛ-Скопје
- М-р Ивана Зафировски д.и.а- Претставник од Општина Кисела Вода
- Сандра Ангелов д.и.а – стручен работник од областа на урбанистичкото планирање
- Лидија Андреева д.и.а – стручен работник од областа на урбанистичкото планирање

5. Решението да се достави до членовите на Комисијата

6. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ГРАДОНАЧАЛНИК

На Општина Кисела Вода

**Филип Темелковски**